**20220370450**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 10 став (2) од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/21 и 174/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 февруари 2022 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021-2024

### *I ВОВЕД*

Потребата за водење на политика за порамномерен регионален развој е нотирана во член 57од Уставот на Република Северна Македонија, а причината за тоа се развојните диспаритети помеѓу Скопје и останатите делови во државата и недостатокот на планирањето и координација на финансиските распределби за рамномерен развој.

Регионалниот развој е комплексен и долгорочен процес чија основна цел е намалување на диспаритетите во развојот меѓу и во рамките на планските региони. Комплексноста на регионалниот развој се темели на неговата повеќедимензионалност, односно преплетувањето на економскиот, демографскиот, социјалниот, просторниот, културниот и многу други аспекти на развојот.

Од таа причина, успешната имплементација на политиката за регионален развој е во директна зависност од поширокото разбирање на концептот за регионален развој, ефикасното поврзување на политиката на регионалниот развој со секторските политики и обезбедувањето на потребната поддршка од страна на релевантните институции.

Во таа смисла, регионалниот развој претпоставува континуирана финансиска поддршка од страна на државата и воедно, висок степен на координација меѓу министерствата, донаторите и засегнатите страни на регионално и локално ниво.

Во изминатиот период од петнаесетина години од спроведувањето на регионалната политика во државата, направен е голем исчекор во унапредување на легислативата која ја регулира оваа област, зголемена е функционалноста на структурите надлежни за имплементирање на регионалната политика, реализирани се бројни мерки и активности за поттикнување на рамномерниот регионален развој кои се следени со континуирано зголемување на финансиските средства за таа намена и сето тоа евидентно придонесе за намалување на развојните разлики помеѓу Градот Скопје и останатите плански региони.

Имено, за тоа говорат и наодите на Извештајот за завршна евалуација на Стратегијата за регионален развој 2009-2019 година и Програмите за развој на планските региони, каде

преку аналитика на статистички показатели евидентно е дека регионалните разлики во Република Северна Македонија се намалени, односно, соодносот помеѓу најбогатиот и најсиромашниот регион се намалил во периодот од 2009-2017, од 3.6 на 2.9 што се гледа од БДП по глава на жител, а по некои пресметки дури и на 2.4. Ова е подобро од таргетот поставен во Стратегијата од 2009 година кој изнесуваше 2.5 и прилично блиску до таргетот 2.2 кој беше поставен со Изменетата и дополнета Стратегија за регионален развој 2009-2019, од 2014 година.

Со цел да се продолжи со тенденцијата за намалување на регионалните разлики, а врз основа на наодите и препораките од „Извештајот за завршна евалуација на Стратегијата за регионален развој 2009-2019 година и Програмите за развој на планските региони", во измината година се спроведе процес на подготовка на нова Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/21), како и нов Закон за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21 и 174/21).

Овие два базични документи кои ја регулираат политиката за регионален развој во државата, обезбедуваат ефикасно поврзување на регионалниот развој со секторските политики и усогласеност со актуелните политики поврзани со процесот на проширување на ЕУ како и тековни политики на ЕУ поврзани со регионалниот развој и кохезијата и предвидуваат подобрување на правната и институционална рамка на политиката.

Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/21 и 174/21), заедно со регулативата во неколку други сектори ја сочинуваат основата на законската рамка, додека Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, заедно со Програмите за рамномерен регионален развој кои се во функција на нејзино имплементирање, како и Програмите за развој на планските региони, се документи кои го сочинуваат планот за интервенции во поддршката на рамномерниот регионален развој.

При подготвката на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој, на Република Северна Македонија 2021-2024, интегрирана е родовата перспектива, согласно Законот за еднакви можности на мажите и жените („Службен весник на Република Македонија" бр.6/12, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/21).).

## 1 Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031

Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031) е усогласена со Просторниот план на Републиката и со стратешките развојни документи на национално ниво како и со програмските документи за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија.
Со Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 се утврдуваат принципите, целите и приоритетите на регионалниот развој во Република Северна Македонија и се дефинираат мерките, инструментите и финансиските и други средства за нивна реализација. Согласно член 10 став (2) од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија бр.24/21 и 174/21), Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија се спроведува преку Програма за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија. Програмата за спроведувањето на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, 2021-2024 година, ја донесува Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за локална самоуправа.
Согласно член 11 став (4) од истиот закон, за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 се донесуваат три програми.
Во Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален разво на Република Северна Македонија 2021-2024 претставени се широк корпус на активности, програми, проследени со финансиски инструменти, кои ќе доведат до порамномерен регионален развој во државата во предметниот период.

## 2 Закон за рамномерен регионален развој(*)

Со Законот за рамномерен регионален развој (*) се уредуваат целите, начелата и носителите на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој, планирањето на регионалниот развој, финансирањето и распределбата на средства за поттикнување на рамномерниот регионален развој, следењето и оценувањето на спроведувањето на планските документи и проекти и други прашања поврзани со регионалниот развој.
Законот за рамномерен регионален развој (*) се заснова принципите на програмирање, партнерство, усогласеност, кофинансирање, транспарентност, учество, супсидијарност и одржливост.

Нов квалитет на овој закон е тоа што за потребите на развојното планирање и имплементација на мерките, покрај планските региони, области со специфични развојни потреби и села, Законот за рамномерен регионален развој(*) ги дефинира и урбаните области, со што делумно се имплементира Регулативата (ЕУ) бр. 1301/2013 на Европскиот парламент и Советот од 17 декември 2013 година, а наведеното решение е во согласност со тематската цел на регионалната политика на Европската унија за периодот 2021 - 2027 година, „Европа поблиску до граѓаните".

## *II МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021-2024*

Процесот на подготовка на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2024, е опишан во Правилникот за Методологија за изработка на планските документи за регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 219/21), донесен од министерот за локална самоуправа. Со овој правилник се утврдува пристапот, постапката, фазите и динамиката на процесот за изработка на планските документи за регионален развој, односно на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, и Програмата за развој на планскиот регион. Бидејќи Програмата за спроведувањето на Стратегијата зарегионален развој на Република Северна Македонија 2021-2024, е документ за операционализација на Стратегијата за регионален развој, постапката за нејзина изработка е исто така предмет на овој правилник.

Имено, согласно Правилникот, Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2024 е документ за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031.

Организирањето на процесот за изработка на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2024 е во надлежност на Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија. Министерството за локална самоуправа ја подготвува Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2024 низ соработка со секторските министерства и други органи на државната управа, агенции и фондови, како и други засегнати страни кои се идентификувани во Стратегијата.

Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2024 се изработи преку спроведување на следниве пет методолошки чекори:

- Идентификување на носител или носители на спроведувањето на приоритетите и мерките од Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, согласно со закон утврден мандат и делокруг на надлежности;
- Подготовка на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2024 според дадената содржина во член 17 на Правилникот за Методологија за изработка на планските документи за регионален развој ;
- Организирање на процес на консултации за нацрт Програмата за спроведување на Стратегијатаза регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2024;
- Изработка на конечна нацрт верзија на Програмата;
- Покренување на постапка за разгледување и усвојување на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2024 согласно законската процедура.

Самата содржина на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2024 е прецизирана во член 17 од Правилникот за Методологија за изработка на планските документи за регионален развој, според кој Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2024 и содржи следниве поглавја:

1. Кус вовед со образложение на законскиот основ за подготовка на Програмата за спроведувањето на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, 2021-2024
2. Опис на применетата методологија за подготовка на Програмата за спроведувањето на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2024;
3. Расчленување на планираните стратешки цели, приоритети и мерки со дефинираните индикатори во контекст на идентификување на фазите кога треба да се постигнат (временски ограничени);
4. Приоретизирање според нивото на значење и итноста за нивното извршување во дадениот период (вклучително и финансиски трошоци и човечки ресурси)
5. Подготовка на финансиски план на стратешки цели, приоритети мерки и идентификување на изворите на финансирање

6. Идентификување модели на интеракција помеѓу актерите во спроведувањето на Програмата
7. Начин на информирање на јавноста и
8. Анализа на ризикот.

Во функција на подготовката, Стратешките цели, приоритетите и мерките од Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 беа организирани во табеларен приказ заради прегледност и следливост во понатамошниот процес на имплементација. Покрај содржината на секоја мерка беа мапирани релевантните институции кои што имаат соодветни програми или активности во предметната област кои што би придонеле во реализирањето на мерката. Институциите беа поединечно консултирани со цел да направат внес на соодветните програми или активности покрај релевантните мерки, како и да ги наведат соодветните финансиски инструменти според извор и обем. **Процесот на собирање на податоци го спроведе Министерството за локална самоуправа во два наврати. Барања за податоци беа доставени до повеќето министерства и агенции, фондови и други институции кои преку своите програми влијаат врз спроведувањето на мерките и приоритетите од Стратегијата. Податоците кои беа добиени, во извесна мера беа непотполни и бараа дополнително прилагодување и систематизирање за да бидат во функција на концептот на Програмата.** Покрај тоа, министерството за локална самоуправа утврди Програми со влијание врз регионалниот развој кои ги зема како релевантни интервенции во функција на исполнувањето на мерките од Стратегијата. Заради потребата од прилагодување на податоците, а во исто време да се осигура дека тој процес не задира во веродостојноста и квалитетот на податоците, Министерството за локална самоуправа по втор пат ги консултираше институциите со цел да се добие валоризација за прилагодувањата. Третата консултација се однесуваше на прецииирање на изворите на финансирање, односно идентификување на буџетските програми и подпрограми за дадена стратешка програма, активност или проект,

Податоците се поврзани со конкретните индикатори за остварување на секоја мерка за периодот 2021-2024.

Направена е аналитика за тоа како сите тие интервенции ќе влијаат врз спроведувањето на мерките и приоритетите, односно стратешките цели на Стратегијата за регионален развој 2021-2031.

## 1. Појдовни основи на при планирањето на регионалниот развој

### Плански региони

Со Законот за рамномерен регионален развој(*), за потребите на планирањето на регионалниот развој и реализацијата на мерките и инструментите за поттикнување рамномерен регионален развој се воспоставуваат плански региони. Планските региони се територијалните единици за статистика на трето ниво НТЕС - 3, утврдени согласно со Номенклатурата на територијалните единици за статистика. Во Република Северна Македонија има осум плански региони.
Планските региони се совпаѓаат со статистичките региони определени со номенклатурата на територијални единици за статистика НТЕС-3[1].
Република Северна Македонија има осум плански региони: Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски плански регион. Согласно со законската рамка, планските региони претставуваат основна единица за планирање на развојот во Стратегијата за регионален развој.

Со Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 година до 2023 година се утврдува класификација на планските региони во Република Северна Македонија според степенот на развиеноста за периодот од 2018 година до 2023 година[2]. Учеството на планските региони во распределбата на средствата за финансирање на проекти за развој на планските региони во периодот од 2018 година до 2023 година, согласно извршената класификација е следно:

| Плански регион | Учество во државната помош за рамномерен регионален развој (во %) |
|---|---|
| Скопски | 7,2 |
| Југоисточен | 11,1 |
| Источен | 11,3 |
| Полошки | 13,2 |
| Пелагониски | 11,9 |
| Вардарски | 14,7 |
| Југозападен | 13,3 |
| Североисточен | 17,3 |

[1] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/07
[2] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 234/18

**Урбани подрачја**

За потребите на планирањето на урбана димензија на регионалниот развој, а согласно член 6 од Законот, се определуваат урбани подрачја. Такви се општините со седиште во град, општините во Градот Скопје и Градот Скопје. Во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој, се обезбедува поддршка за одржливиот урбан развој преку мерки и активности за справување со економските, климатските, демографските, социјалните и предизвиците од животната средина кои ги погодуваат урбаните подрачја, истовремено имајќи ја предвид потребата за подобрување на урбано-руралните односи.

**Подрачја со специфични развојни потреби**

Во функција на планирањето на регионалниот развој и за реализација на специфични мерки и инструменти за поттикнување рамномерен регионален развој, а согласно член 7, се определуваат подрачја со специфични развојни потреби. Подрачјата со специфични развојни потреби се:
- погранични, рурални, ридско- планински и други подрачја за кои, поради нивните специфични карактеристики, постои потреба од посебен плански пристап и поттикнување на развојот од страна на државата и
- подрачја што се од особен интерес за развој на економските, туристичките, културните и други стратешки цели на државата.

## *III РАСЧЛЕНУВАЊЕ НА ПЛАНИРАНИТЕ СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ СО ДЕФИНИРАНИТЕ ИНДИКАТОРИ ВО КОНТЕКСТ НА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ФАЗИТЕ КОГА ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНАТ (ВРЕМЕНСКИ ОГРАНИЧЕНИ)-*

Спроведувањето на политиките на регионален развој е мулти-секторска и мултидисциплинарна активност. Вкупната вредност на средствата за реализација на политиките за регионален развој, односно вкупната вредност на програмите и активностите на линиските министерства и релевантните агенции а периодот 2021-2024 година изнесува вкупно 64 милијарди денари, односно нешто повеќе од една милијарда евра.

**График 1-вредност на средства за период 2021- 2024 по стратешки цели**




Предвидените инвестиции по години покажуваат дека најголема инвестициска активност се очекува во 2022 година, и таа изнесува 17,8 милијарда денари. Програмите и активностите кои се однесуваат на постигнување на стратешката цел 1 во периодот 2021- 2024 година се во износ од скоро 70 % од вкупната вредност на планираните инвестиции за истиот период, додека за стратешката цел 2 се наменети 30%. стратешката цел 3 има инвестиции кои се помали од 1% од вкупните инвестиции, и изнесуваат 0,04%.

Динамиката на инвестициите за регионален развој по години се преставени на наредниот графикон:

График 2- Динамиката на инвестициите за регионален развој по години во денари




Трендот на инвестициите кои водат кон постигнување на стратешката цел 1 се слични како и вкупните инвестиции, односно својот пик го имаат во 2022 година а понатаму се намалуваат, за да во 2024 постигнат нешто пониско ниво од 2021 година.
Инвестициите за стратешката цел 2 го имаат истиот тренд но со помал дијапазон на варијации во средствата.

Овие движења се преставени на наредниот графикон

График 3- вредност на инвестициите по стратешки цели по години




| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| Стратешка цел 3 | 2.520.000 | 8.799.840 | 8.799.840 | 8.799.840 |
| Стратешка цел 2 | 4.929.825.209 | 5.154.555.009 | 4.971.379.934 | 4.788.471.601 |
| Стратешка цел 1 | 10.419.535.646 | 12.677.862.349 | 12.327.813.929 | 9.570.800.596 |

Стратегијата за регионален развој 2021-2031 прави проценка на потребни средства на годишно ниво за да се постигне одвојување на 1% од БДП за регионален развој, согласно проекциите за движењето на номиналниот БДП на ММФ, од октомври 2020 година. Споредбата на планираните средства согласно Програмата за спроведување на стратегијата за РР наспроти проекциите направени во Стратегијата за РР покажуваат дека оваа Програма, односно проекциите на релевантните институции скоро за двојно ги надминуваат проекциите на стратегијата во сите проектирани години .

**Табела 1- Планирани средства за регионален развој согласно Програмата за спроведување на стратегијата за РР наспроти проекциите направени во Стратегијата за РР**

| Планирани средства за регионален развој согласно Програмата за спроведување на стратегијата за РР наспроти проекциите направени во Стратегијата за РР- во евра | | | | |
|---|---|---|---|---|
| година | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
| Проекции- 1% од БДП | 116,824,320 | 124,523,079 | 132,145,021 | 133,390,884 |
| Планирани средства согласно Програмата за спроведување на стратегијата за РР[3] | 249,011,470 | 289,389,148 | 280,740,126 | 233,053,837 |

[3] Согласно среден курс на НБРСМ на ден 20.09.2021- и евро е 61.6513 денари

## 1.Стратешка цел број 1

Линиските министерства и релевантните агенции најголемиот фокус во однос на програмите и активностите  кои имаат придонес за регионалниот развој најмногу се концентрираат за постигнување на стратешка цел број 1, која се однесува на постигнување на порамномерно економски развиени, еколошки оддржливи и конкуренти плански региони низ доследно спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции. За реализација на стратешката цел 1 линиските министерства преку седумте приоритети планираат да инвестираат 10,4 милијарди денари во 2021 година, односно 69,7% од вкупните планирани средства за регионален развој за таа година. Ситуацијата е слична и во наредните години, со инвестиции од 12,6 милијарди денари во 2022 година, 12,3 милијарди денари во 2023 и 9,57 милијарди денари во 2024. Процентот на инвестициите во однос на вкупните инвестиции е најголем во 2023 година и изнесува 71,2%, а најмал во 2024 со 66,6%.

Во однос на придонесот на приоритетите кон реализација на првата стратешка цел, може да се заклучи дека најголем придонес има приоритетот со реден број 1.7: „Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус“ со просечно учество од 49,7% од инвестициите за реализација на Стратешката цел број 1 во периодот 2021-2024, додека второ- рангираниот приоритет 1.3: „Изградба на транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони“, учествува со 17.4% од вкупните средства за реализација на стратешка цел број 1 во 2021-2024 година. Најмал е придонесот на приоритетот број 1.2: „Обезбедување пошироки стимулации и насочување на приватните инвестиции кон планските региони кои заостануваат во развојот“, кој учествува со 0,5% во вкупните средства за Стратешката цел 1 за периодот 2021-2024 година.

Најголемите инвестиции согласно планирањата на линиските министерства и агенции ќе бидат во 2022 година кога вкупните инвестиции за стратешка цел 1 се планира да го имаат својот пик, со вредност од 12,6 милијади денари. Повторно приоритетот со реден број 1.7 „Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус“ има најголемо учество, кое сепак за разлика од 2021 година кога уделот беше највисок

и изнесуваше 59,2% има намалена процентуална вредност во вкупните инвестиции за стратешка цел 1 и изнесува 48,7%.

Сличен е трендот на учество на приоритетите во реализација на стратешката цел 1 за 2023 и за 2024 година, со тоа што вкупните инвестиции се намалуваат во 2023 година во однос на 2022 година, но се поголеми од 2021 година, за да во 2024 година паднат под нивото на 2021 година.

Вкупните планирани средства како и нивниот процент на учество во по години е преставен на наредната табела.

Табела 2- планирани средства како и нивниот процент на учество по години

| **Стратешка цел 1** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Приоритет | вкупната вредност во денари по години | | | |
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
| 1.1: Програмирање и спроведување на јавните инвестиции во функција на обезбедување порамномерен регионален развој | 300,412,500 | 300,412,500 | 300,412,500 | 300,412,500 |
| 1.2: Обезбедување пошироки стимулации и насочување на приватните инвестиции кон планските региони кои заостануваат во развојот | 52,000,000 | 52,000,000 | 52,000,000 | 52,000,000 |
| 1.3: Изградба на транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони | 1,266,950,000 | 2,579,500,000 | 3,096,615,000 | 1,160,935,000 |
| 1.4: Регионален пристап при конципирање на политиките за поддршка на претприемништвото и индустријата | 1,496,937,500 | 1,496,937,500 | 1,496,937,500 | 1,496,937,500 |
| 1.5: Подобрување на структурата на работната сила во планските региони и инвестирање во човечки капитал | 441,711,716 | 380,712,753 | 344,847,333 | 344,847,333 |
| 1.6: Развој на земјоделството и рурален развој заснован на споредбените предности на планските региони | 694,913,000 | 1,688,779,667 | 1,688,779,667 | 1,688,779,667 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.7: Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус | 6,166,610,929 | 6,179,519,929 | 5,348,221,929 | 4,526,888,596 |
| **Вкупно средства** | **10,419,535,646** | **12,677,862,349** | **12,327,813,929** | **9,570,800,596** |

Планираните средства како процент од вкупната инвестиција по години за даден приоритет на стратешката цел 1 по години е прикажан на наредната табела.

Табела 3- Планирани средства како процент од вкупната инвестиција по години

| **Стратешка цел 1** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Приоритет | процент од вкупната инвестиција по години за даден приоритет | | | | Средна вредност |
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2021-2024 |
| 1.1: Програмирање и спроведување на јавните инвестиции во функција на обезбедување порамномерен регионален развој | 2.9% | 2.4% | 2.4% | 3.1% | 2.7% |
| 1.2: Обезбедување пошироки стимулации и насочување на приватните инвестиции кон планските региони кои заостануваат во развојот | 0.5% | 0.4% | 0.4% | 0.5% | 0.5% |
| 1.3: Изградба на транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони | 12.2% | 20.3% | 25.1% | 12.1% | 17.4% |
| 1.4: Регионален пристап при конципирање на политиките за поддршка на претприемништвото и индустријата | 14.4% | 11.8% | 12.1% | 15.6% | 13.5% |
| 1.5: Подобрување на структурата на работната сила во планските региони и инвестирање во човечки капитал | 4.2% | 3.0% | 2.8% | 3.6% | 3.4% |
| 1.6: Развој на земјоделството и рурален развој заснован на споредбените предности на планските региони | 6.7% | 13.3% | 13.7% | 17.6% | 12.8% |
| 1.7: Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус | 59.2% | 48.7% | 43.4% | 47.3% | 49.7% |
| **Вкупно средства** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

Средната вредност на учеството на даден приоритет во вкупната вредност на инвестициите по години, за периодот од 2021-2024 година е преставен на наредниот график.

**График 4- Средната вредност на учеството на даден приоритет во вкупната вредност на инвестициите за стратешка цел 1 по години, за периодот од 2021-2024**




Наредниот графикон на сликовит начин го прикажува трендот на инвестициите по години.

**График 5- Вкупните инвестиции за реализација на стратешка цел број 1**




Расчленување на планираната стратешка цел 1, по приоритети, мерки и **индикатори со утврдени целни вредности (таргети)** е преставен на табела во Прилог бр 1 на овој документ

## 2.Стратешка цел број 2

Стратешката цел број 2 се реализира преку 6 приоритети. Вредноста на инвестициите за задоволување на овие приоритети во 2021 година изнесува 4,9 милијарди денари, што изнесува 32,1 % од вкупните планирани инвестиции за регионален развој во 2021 година. Најголемо влијание врз вкупните инвестиции во 2021 година има приоритет „2.5: Развој на основното и средното образование според спецификите на планските региони, низ оптимизација на мрежите на училишта и согласно потребите на пазарот на труд", со учество од 53,9% од вкупните инвестиции за реализација на стратешката цел 2 во 2021 година. Овој процент малку се намалува во 2022 година, за да продолжи да расте во 2023 година и да достигне најголема вредност од 55,4 % во 2024 година.
Од 10% до 16% учество за реализација на стратешката цел 2 имаат приоритетите „2.1: Стимулирање на развојот на недоволно развиените, депопулационите подрачја и подрачјата со специфични развојни потреби" и приоритет „2.3: Обезбедување поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони".

Вкупната вредност на инвестициите за реализација на стратешката цел 2 се движи од 4.9 милијарди денари во 2021 година до 4,78 во 2024. Најголемата вредност има во 2о22 година со вредност од 5,15 милијарди денари.

**Табела 4- планирани средства за реализација на стратешката цел 2 по години**

| Стратешка цел 2 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Приоритет | вкупната вредност во денари по години | | | |
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
| 2.1: Стимулирање на развојот на недоволно развиените, депопулационите подрачја и подрачјата со специфични развојни потреби | 800,709,134 | 800,709,134 | 800,709,134 | 729,634,134 |
| 2.2: Создавање на систем на современо просторно планирање со силна регионална компонента и создавање на инфраструктура на знаење во областа на регионалното просторно планирање | 46,250,000 | 46,250,000 | 46,250,000 | 46,250,000 |
| 2.3: Обезбедување поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони | 770,160,575 | 770,160,575 | 609,848,000 | 498,014,667 |
| 2.4: Обезбедување повисок степен на родова еднаквост во планските региони | 69,132,700 | 67,862,500 | 0 | 0 |
| 2.5: Развој на основното и средното образование според спецификите на планските региони, низ оптимизација на мрежите на училишта и согласно потребите на пазарот на труд | 2,654,739,467 | 2,654,739,467 | 2,654,739,467 | 2,654,739,467 |
| 2.6: Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и рекреацијата, и противпожарната заштита | 588,833,333 | 814,833,333 | 859,833,333 | 859,833,333 |
| **Вкупно средства** | 4,929,825,209 | 5,154,555,009 | 4,971,379,934 | 4,788,471,601 |

Планираните средства како процент од вкупната инвестиција по години за даден приоритет на стратешката цел 2 по години е прикажан на наредната табела.

**Табела 5- процент на планирани средства за реализација на стратешката цел 2 по години**

| Стратешка цел 2 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Приоритет | процент од вкупната инвестиција по години за даден приоритет | | | | Средна вредност |
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2021-2024 |
| 2.1: Стимулирање на развојот на недоволно развиените, депопулационите подрачја и подрачјата со специфични развојни потреби | 16.2% | 15.5% | 16.1% | 15.2% | 15.8% |
| 2.2: Создавање на систем на современо просторно планирање со силна регионална компонента и создавање на инфраструктура на знаење во областа на регионалното просторно планирање | 0.9% | 0.9% | 0.9% | 1.0% | 0.9% |
| 2.3: Обезбедување поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони | 15.6% | 14.9% | 12.3% | 10.4% | 13.3% |
| 2.4: Обезбедување повисок степен на родова еднаквост во планските региони | 1.4% | 1.3% | 0.0% | 0.0% | 0.7% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.5: Развој на основното и средното образование според спецификите на планските региони, низ оптимизација на мрежите на училишта и согласно потребите на пазарот на труд | 53.9% | 51.5% | 53.4% | 55.4% | 53.5% |
| 2.6: Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и рекреацијата, и противпожарната заштита | 11.9% | 15.8% | 17.3% | 18.0% | 15.8% |
| **Вкупно средства** | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

Средната вредност на учеството на даден приоритет во вкупната вредност на инвестициите по години, за периодот од 2021-2024 година е преставен на наредниот график.

**График 6- Средната вредност на учеството на даден приоритет во вкупната вредност на инвестициите по години за стратешка цел 2 , за периодот од 2021-2024**




Наредниот графикон го прикажува трендот на инвестиции по години за реализација на стратешка цел број 2

**График 7- Вкупните инвестиции за реализација на стратешка цел број 2**




Расчленување на планираната стратешка цел 2, по приоритети. мерки и индикатори со утврдени целни вредности (таргети) е преставен на табела во Прилог бр 2 на овој документ.

### 3.Стратешка цел број 3

Стратешката цел број три има најмало процентуално учество во вкупните инвестиции за регионален развој. Најголеми инвестиции се планираат во 2022, 2023 и 2024 година со вкупна вредност од скоро 8.8 милиони денари годишно, а најмали во 2021 година со 2,5 милиони денари годишно.

Приоритетот *„3.3: Обезбедување поголемо чувство на сопственост од страна на локалните и регионални чинители врз политиката за рамномерен регионален развој и изградба на нивните капацитети“*има најголемо учество во реализација на стратешката цел 3 и изнесува во просек нецели 60%, додека приоритетот *„3.1: Подобрување на нормативната рамка за рамномерен регионален развој“* има средно процентуално учество од 40,5%. За време на подготовка на овој докумнет во тек беше дискусија за алоцирање на средства и евентулална поддршка од странски донатори за реализација на приоритет *„3.2: Унапредена координација при спроведување на политиката за рамномерен регионален развој, мониторинг, оценување и известување за постигнатите резултати“ во тек беше планирањето на активностите.*

Табела 6- планирани средства за реализација на стратешката цел 3 по години

| Стратешка цел 3 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Приоритет | вкупната вредност во денари по години | | | |
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
| 3.1: Подобрување на нормативната рамка за рамномерен регионален развој | 1,680,000 | 2,800,000 | 2,800,000 | 2,800,000 |
| 3.2: Унапредена координација при спроведување на политиката за рамномерен регионален развој,Министерство за локална самоуправаиторинг, оценување и известување за постигнатите резултати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3.3: Обезбедување поголемо чувство на сопственост од страна на локалните и регионални чинители врз политиката за рамномерен регионален развој и изградба на нивните капацитети | 840,000 | 5,999,840 | 5,999,840 | 5,999,840 |
| **Вкупно средства** | 2,520,000 | 8,799,840 | 8,799,840 | 8,799,840 |

Планираните средства како процент од вкупната инвестиција по години за даден приоритет на стратешката цел 3 по години е прикажан на наредната табела.

Табела 7- процент на планирани средства за реализација на стратешката цел 3 по години

| Стратешка цел 3 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Приоритет | процент од вкупната инвестиција по години за даден приоритет | | | | Средна вредност |
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2021-2024 |
| 3.1: Подобрување на нормативната рамка за рамномерен регионален развој | 66.7% | 31.8% | 31.8% | 31.8% | 40.5% |
| 3.2: Унапредена координација при спроведување на политиката за рамномерен регионален развој, мониторинг, оценување и известување за постигнатите резултати | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% |
| 3.3: Обезбедување поголемо чувство на сопственост од страна на локалните и регионални чинители врз политиката за рамномерен регионален развој и изградба на нивните капацитети | 33.3% | 68.2% | 68.2% | 68.2% | 59.5% |
| **Вкупно средства** | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

Табела 7- Средната вредност на учеството на даден приоритет во вкупната вредност на инвестициите по години за стратешка цел 2 , за периодот од 2021-2024




Наредниот графикон го прикажува трендот на инвестиции по години за реализација на стратешка цел број 2

График 8- Вкупните инвестиции за реализација на стратешка цел број 3 по години во денари




Расчленување на планираната стратешка цел 3, по приоритети. мерки и индикатори со НЕ-утврдени целни вредности (таргети) е преставен на табела во Прилог бр 3 на овој документ.

## *IV. ПРИОРЕТИЗИРАЊЕ СПОРЕД НИВОТО НА ЗНАЧЕЊЕ И ИТНОСТА ЗА НИВНОТО ИЗВРШУВАЊЕ ВО ДАДЕНИОТ ПЕРИОД (ВКЛУЧИТЕЛНО И ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ)*

Претходното поглавје јасно покажува дека министерствата и релевантните агенции во наредниот период ќе реализираат програми и активности кои ќе помогнат во реализацијата на сите стратешките цели за регионален развој. При ова значително повеќе се насочени кон остварување на стратешката цел 1 наспроти стратешката цел 2, а најмалку на стратешката цел 3. *Планираните* средства за реализација на приоритетите се однесуваат на периодот 2021- 2024 година, односно за целиот период кој оваа програма го опфаќа, освен приоритетот бр 2.4: „Обезбедување повисок степен на родова еднаквост во планските региони" кој се фокусира за првите 2 години од 4 годишниот период, односно за периодот 2021-2022 година.

Ваквата констелација на односите, а наметнато од потребата за согледување на приоретизирањата за регионален развој нужно налага анализа на за степен пониско ниво, односно анализа на мерките кои треба да се реализираат за задоволување на приоритетите.

Од анализата на податоците за планираните инвестиции по мерки може да се направи следна поделба.

- Инвестиции по мерка кои за периодот 2021-2024 година надминуваат една милијарда денари
- Инвестиции по мерка кои за периодот 2021-2024 година имаат вредност од 60 милиони денари (околу еден милион евра) до една милијарда денари
- Инвестиции по мерка со вредност под 60 милиони денари за периодот 2021-2024 година

Ова ќе значи дека

- мерките кај кои има инвестиции кои надминуваат една милијарда денари имаат најголем приоритет
- мерките кај кои има инвестиции со вредност од 60 милиони денари (околу еден милион евра) до една милијарда денари ќе имаат среден приоритет
- Инвестиции по мерка со вредност под 60 милиони денари ќе имаат низок приоритет

Табеларно ова е прикажано на наредната табела:

Табела 8- Класификација на инвестициите по мерка во зависност од висината на инвестицијата во период од 2021 до 2024 година

| Вредност на инвестицијата | Приоритет |
|---|---|
| > 1 милијарда денари | Висок |
| > 60 милиони денари<br>< 1 милијарда денари | Среден |
| > 60 милиони денари | низок |

Вака направената класификација покажува дека има вкупно 15 мерки кои имаат висок приоритет. Тие се само 13% од сите мерки. Среден приоритет имаат 26 мерки или тоа се 22%од сите мерки, додека 65% од сите мерки или вкупно 77 мерки имаат низок приоритет.

Дистрибуцијата на мерки по овој критериум е преставен на наредниот график

График 9- Дистрибуција на број на мерки согласно категоризацијата на приоритетите и процентуално учество




Што се однесува до вкупната вредност на инвестициите, тогаш сликата наполно се менува. 15-те мерки, или 13% од сите мерки кои имаат висок приоритет се во вкупна вредност на инвестициите од скоро 56 милијарди денари, односно 86 % од вкупните инвестиции. Дистрибуцијата на мерките по вредноста на инвестициите е преставена на наредниот графикон.

График 10-Дистрибуција на средства по мерки по приоритети




Согласно ова, 15-те мерки кои се со висок приоритет имаат вкупна вредниот од 56.5 милијарди денари, или 86% од вкупните инвестиции. Најголема вредност има групата мерки за реалзиација на стетешката цел 1-класифицирана под мерката „1.7.1 Развој и унапредување на инфраструктурата за водни услуги во сите плански регион“ чија вредност на инвестициите изнесува скоро 17 милијарди денари, што преставува скоро 26% од вкупните инвестиции. Следува мерката за реализација на стратешката цел 2 „2.5.7 Дизајнирање на модел на распределба на инвестициските програми (капитални инвестиции) во основното и средното образование како системско решение“ чија вредност изнесува 5,7 милијарди денари што преставува 8,7% од вкупните инвестиции.

Вредноста на сите мерки кои имаат висок приоритет и планирани инвестиции по години и вкупните инвестиции во рок од 4 години се преставени на наредната табела.

Табела 9- Мерки со висок приоритет и нивните вредности по години

| Мерка | Инвестиции по години | | | | Вкупни средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | |
| 1.7.1 Развој и унапредување на инфраструктурата за водни услуги во сите плански региони (група мерки) | 4,245,911,929 | 4,245,911,929 | 4,245,911,929 | 4,245,911,929 | 16,983,647,717 |
| 2.5.7 Дизајнирање на модел на распределба на инвестициските програми (капитални инвестиции) во основното и средното образование како системско решение | 1,428,072,800 | 1,428,072,800 | 1,428,072,800 | 1,428,072,800 | 5,712,291,200 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.5.2 Оптимизацијата преку редефинирање на мрежата на училишта за средно образование со фокус на училиштата во кои се реализира стручно образование преку формирање на регионални центри за стручно образование | 1,200,000,000 | 1,200,000,000 | 1,200,000,000 | 1,200,000,000 | 4,800,000,000 |
| 1.3.1 Развој и унапредување на транспортната инфраструктура (група мерки) | 583,000,000 | 1,200,000,000 | 1,994,065,000 | 485,435,000 | 4,262,500,000 |
| 1.7.9 Развој и унапредување на инфраструктурата за управување со отпад во сите плански региони (група мерки) | 1,627,178,333 | 1,627,178,333 | 821,333,333 | 0 | 4,075,690,000 |
| 1.6.3 Јакнење и окрупнување на земјоделските стопанства во Вардарскиот, Полошкиот, Југозападниот и Североисточниот плански регион преку олеснување и одредени бенефиции за малите стопанства за зголемување на обемот на работа и економските резултати и преминување во правна форма на субјекти - стопанства, паралелно со приоритизација во мерките Окрупнување на земјиштето и поддршка на земјоделските задруги каде овие региони исто така имаат лоша структура, но и поттикнување на инвестициите, приоритизација на ИПАРД и националната поддршка и подобрување на експертската поддршка и покриеност со подрачни единици на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. | 0 | 995,866,667 | 995,866,667 | 995,866,667 | 2,987,600,000 |
| 1.3.1 Развој и унапредување на транспортната инфраструктура (група мерки) | 464,450,000 | 1,160,000,000 | 883,050,000 | 456,000,000 | 2,963,500,000 |
| 2.1.3 Креирање на работни места особено за најранливите категории на населението, жените и младите а со фокус на руралните средини и малите градови и примарно во Пелагонискиот плански регион како регион со најинтензивно демографско стареење; | 666,671,886 | 666,671,886 | 666,671,886 | 595,596,886 | 2,595,612,544 |
| 1.6.14 Градење на капацитетите на жените како претприемачи, но и нивните квалификации и стручност за поголемо учество во формалната/платена работна сила | 591,913,000 | 591,913,000 | 591,913,000 | 591,913,000 | 2,367,652,000 |
| 1.4.6 Синхронизација на програмите на Фонд за иновации и техн развој со програмите за поддршка на науката (истражување и развој) на Министерство за образование и науки а со цел да се постигне синергија и остварување на комплементарни ефекти. | 500,000,000 | 500,000,000 | 500,000,000 | 500,000,000 | 2,000,000,000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.2 Доследна примена на Законот за рамномерен регионален развој(*) во поглед на издвојување на средствата за регионален развој најмалку во висина од 1% од БДП | 477,350,000 | 477,350,000 | 477,350,000 | 477,350,000 | 1,909,400,000 |
| 2.6.5 Планирање доволно средства во Буџетот на Северна Македонија за надминување на воочените диспаритети во инфраструктура на спортски објекти како и по однос на организационата поставеност и реализација на национален и регионален систем на спортски натпревари. | 229,000,000 | 455,000,000 | 500,000,000 | 500,000,000 | 1,684,000,000 |
| 1.4.1 Насочување на државната помош приоритетно кон активните деловни субјекти во помалку развиените региони | 410,000,000 | 410,000,000 | 410,000,000 | 410,000,000 | 1,640,000,000 |
| 1.4.5 Генерирање евиденција со родово-разделени податоци за бројот на апликанти кај институциите кои доделуваат директна помош за приватниот сектор (деловни субјекти кои се во сопственост на или се управувани од жени како и колку од оние на кои им се доделени проекти се во сопственост на или управувани од жени во однос на мажи и др.) | 350,000,000 | 350,000,000 | 350,000,000 | 350,000,000 | 1,400,000,000 |
| 2.3.2 Унапредување на социјалната заштита во планските региони | 362,451,033 | 362,451,033 | 245,105,333 | 133,272,000 | 1,103,279,400 |

26 мерки имаат среден приоритет за реализација, и нивната вкупна вредност изнесува 8,8 милијарди денари. Најголема вредност од нив има мерката „1.4.2 Зголемување на бројот на проекти финансирани од страна на МСЛ и Биро за регионален развој преку ЦРПР кои директно целат кон зајакнување на претприемништвото и развојот на секторот на МСП" чија вредност изнесува 915 милиони денари. Втора по ред е инвестицијата за мерката „2,6.1 Планирање доволно средства во Стратегијата за развој на културата и буџетот на Република Северна Македонија за надминување на воочените диспаритети како по однос на физичката инфраструктурата така и по однос на програмите од областа на културата, насочувајќи ги средствата повеќе кон планските региони кои заостануваат во споредба со Скопскиот и Пелагонискиот" со вредност од околу 830 милиони денари.

На наредната табела се преставени сите мерки кои имаат среден приоритет и планирани инвестиции по години.

Табела 10- - Мерки со среден приоритет и нивните вредности по години

| Мерка | Инвестиции по години | | | | Вкупни средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | |
| 1.4.2 Зголемување на бројот на проекти финансирани од страна на МСЛ и Биро за регионален развој преку ЦРПР кои директно целат кон зајакнување на претприемништвото и развојот на секторот на МСП | 228,937,500 | 228,937,500 | 228,937,500 | 228,937,500 | 915,750,000 |
| 2.6.1 Планирање доволно средства во Стратегијата за развој на културата и буџетот на Република Северна Македонија за надминување на воочените диспаритети како по однос на физичката инфраструктурата така и по однос на програмите од областа на културата, насочувајќи ги средствата повеќе кон планските региони кои заостануваат во споредба со Скопскиот и Пелагонискиот | 207,000,000 | 207,000,000 | 207,000,000 | 207,000,000 | 828,000,000 |
| 1.3.2 Развој и унапредување на информатичко-комуникациски технологии и бродбенд инфраструктура: | 197,500,000 | 197,500,000 | 197,500,000 | 197,500,000 | 790,000,000 |
| 1.5.2 Имплементирање на програми кои ќе го стимулираат вработувањето во приватниот сектор, како што е субвенционирање на платите кај новопримените работници, доделување на грантови за самовработување, даночни ослободувања за новопримените работници и слично | 179,371,000 | 179,371,000 | 179,371,000 | 179,371,000 | 717,484,000 |
| 2.3.1 Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во планските региони (група мерки) | 148,056,000 | 148,056,000 | 148,056,000 | 148,056,000 | 592,224,000 |
| 2.6.8 Реконструкција и одржување на изградените објекти за спорт; | 148,000,000 | 148,000,000 | 148,000,000 | 148,000,000 | 592,000,000 |
| 2.1.1 Покачување на износот на средства наменети за изградба на социјални станови во подрачја со тренд на депопулација а со цел да им бидат доделени на млади лица и брачни парови по многу поволни цени; | 134,037,248 | 134,037,248 | 134,037,248 | 134,037,248 | 536,148,992 |
| 1.7.2 Развој и унапредување на инфраструктурата за управување со отпад во сите плански региони (група мерки) | 125,854,000 | 138,763,000 | 113,310,000 | 113,310,000 | 491,237,000 |
| 1.7.3 Обезбедување поквалитетен амбиентен воздух во сите плански региони но со фокус на главниот град Скопје и поголемите градски населби: | 119,666,667 | 119,666,667 | 119,666,667 | 119,666,667 | 478,666,667 |
| 1.5.1 Имплементирање на програми за обука и тренинг на работната сила | 102,068,000 | 102,068,000 | 102,068,000 | 102,068,000 | 408,272,000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.3.5 Унапредување на здравствената заштита и достапноста на здравствените услуги во планските регион (група мерки) | 101,936,667 | 101,936,667 | 101,936,667 | 101,936,667 | 407,746,667 |
| 2.3.3 Унапредување на заштитата на децата во планските региони | 110,616,875 | 110,616,875 | 67,650,000 | 67,650,000 | 356,533,750 |
| 1.2.1 Воведување на одделни мерки (даночни ослободувања и слични стимулации) за насочување на приватните инвестиции кон неразвиените плански региони | 52,000,000 | 52,000,000 | 52,000,000 | 52,000,000 | 208,000,000 |
| 1.7.6 Ублажување на негативните ефекти од климатските промени во сите плански региони | 48,000,000 | 48,000,000 | 48,000,000 | 48,000,000 | 192,000,000 |
| 2.2.5 Подготовка и донесување на нов Просторен план на Република Северна Македонија како национална стратегија за просторен развој на државата, и долгорочен развоен документ за организација, користење и заштита на територијата на државата | 46,250,000 | 46,250,000 | 46,250,000 | 46,250,000 | 185,000,000 |
| 1.6.13 Поттикнување и приоритизација на учеството на жените како носители на земјоделски стопанства низ поврзување со мерките за Економско јакнење и окрупнување на земјоделските стопанства, консолидација на земјоделското земјиште, но и мерките за правна формализација на индивидуалните земјоделски стопанства и формално вработување на жените | 40,000,000 | 40,000,000 | 40,000,000 | 40,000,000 | 160,000,000 |
| 1.5.7 Имплементирање на програми за практикантство со цел да се зголеми вработливоста на младите невработени, жените и други ранливи категории од населението и да се превенира недостатокот на вештини кога ќе влезат на пазарот на труд | 39,271,000 | 39,271,000 | 39,271,000 | 39,271,000 | 157,084,000 |
| 1.6.16 Зголемена поддршка за заштита и промоција на традиционалните одлики и производи во планските региони (Тетовски грав/јаболка, Мариовско/ Беровско сирење, Паланечки компир, Шар Планинско јагне/ кашкавал, Ресенско јаболко и слично). Покрај земјоделските производи, значајно е заштита и промоција на регионалните препознатливи одлики и споредбени предности од аспект на развој на руралниот туризам и спортскиот (лов и риболов) туризам, но и заштита и промоција на културните и другите знаменитости и традиционални обележја на регионите | 38,000,000 | 36,000,000 | 36,000,000 | 36,000,000 | 146,000,000 |
| 2.4.4 Зголемување на опфатот на децата во градинки | 67,862,500 | 67,862,500 | | | 135,725,000 |
| 2.3.4 Унапредување на грижата за старите лица во планските региони: | 31,100,000 | 31,100,000 | 31,100,000 | 31,100,000 | 124,400,000 |
| 1.6.5 Поддршка, поттикнување и создавање предуслови за зголемување на севкупните инвестиции во Југозападниот, Североисточниот, Вардарскиот, Југоисточниот и Полошкиот плански регион, | 25,000,000 | 25,000,000 | 25,000,000 | 25,000,000 | 100,000,000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| но и нивна приоритизација во мерките за Окрупнување на земјиштето и Поттикнување на инвестициите и користење на расположливите ресурси кои не се користат во регионот („brownfield" инвестиции), приоритизација на ИПАРД и националната поддршка. | | | | | |
| 1.3.5 Насочување на државната помош приоритетно кон активните деловни субјекти во помалку развиените региони | 20,800,000 | 20,800,000 | 20,800,000 | 20,800,000 | 83,200,000 |
| 2.5.4 Дизајнирање и примена на алатки и механизми за разбивање на родовите стереотипи во образованието односно спречување на предвременото напуштање на образованието на дел од децата (девојчиња, Роми и сл | 20,000,000 | 20,000,000 | 20,000,000 | 20,000,000 | 80,000,000 |
| 2.3.6 Унапредување на домувањето во планските региони: | 16,000,000 | 16,000,000 | 16,000,000 | 16,000,000 | 64,000,000 |
| 1.5.10 Окрупнување на општинските економско-социјални совети на ниво на плански региони а со цел да се трансформираат во посуштински чинители на регионалниот развој проследено и со формирање на трипартитни совети за труд и промоција на вработувањето на н | 60,998,963 | 0 | 0 | 0 | 60,998,963 |
| 1.5.4 Имплементирање на програми кои ќе ги едуцираат невработените да бараат работа. Тоа се програми кои опфаќаат разни курсеви за попо¬лну¬ва¬ње на апликации, курсеви за интервјуа, и сл | 15,013,000 | 15,013,000 | 15,013,000 | 15,013,000 | 60,052,000 |

Мерките кои имаат низок приоритет и нивните инвестиции за периодот 2021-2024 година изнесуваат под 60 милиони денари за четиригодишен период се преставени во Прилог бр 4 на овој документ.

## *V. ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, ПРИОРИТЕТИ МЕРКИ И ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ИЗВОРИТЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ*

Најголем дел на средствата за регионален развој потекнуваат од Буџетот на Република Северна Македонија. Следен најголем извор се заемите, додека трет најголем извор се средствата кои доаѓаат од ИПА фондовите на Европската унија. Грандовите и донациите се исто така значителен извор на финансирање..

**График 11- Финансирање на регионалниот развој – извор и на средства за 4 годишен период 2021-2024**




4

[4]Во овие калкулации средствата кои МТСП ги пријави како вкупни средства инвестирани од страна на буџетот на АВРСМ, МТСП, АППРСМ, приватните понудувачи на обука, Швајцарската агенција за развој и Програмата за развој на обединетите нации апроксимативно се земени дека 95% од нив се од буџетот на РСМ , додека другите 5% се средства од донации. Ова е оправдано од фактот дека буџетот на АВРСМ се движи во последниве години од 23- 25 милини евра, додека пријавените инвестиции се во просек по околу 25 милиони евра годишно.

Заемите преставуваат многу значаен извор на финансирање на регионалниот развој со учество од 35%, Расчленувајќи ги заемите може да се заклучи дека дури 65% од нив се заеми од Европската инвестициона банка, а нецели 30% се од Светска банка-Меѓународна банка за обнова и развој, а скоро 5% се од заем од Банката за развој на Совет на Европа.

Заемите и буџетот сочуваат повеќе од 86% од вкупните инвестиции за регионален развој

Планот за финансирање согласно изворот на финансирање по години е преставен на наредната табела:

График 12- динамика на инвестиции по извори на финансирање




Анализата по однос на инвестициите по институции, недвосмислено покажува најголемо учество на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство со вкупна вредност од нешто повеќе од 20 милијарди денари периодот 2021-2024 година, што преставува скоро една третина од сите инвестиции. Следи Министерство за образование и науки со инвестиции од 12, 5 милијарди денари или скоро 20%, по што следува Министерство за труд и социјална политика со скоро 15%.

---

[5]Од вкупно 32 милијарди денари инвестиции од буџетот на РСМ, 9 милијарди или скоро 29 % од вкупните инвестиции од буџетот во известувањето од страна на министерства и релевантните агенции е пријавено дека ова се средства од буџетот на РСМ и други извори, без да се наведат истите. Сметајќи дека сека најголем дел од нив се буџетски средства , овие средства не се оддлелени и се преставени како вкупни буџетски средства.

Динамика на инвестирање на министерства и релевантни агенции кои имаат најголем придонес за регионалниот развој е прикажан на наредниот графикон.

График 13- Динамика на инвестирање на министерства и релевантни агенции по години




Вкупните инвестиции по институција во денари за периодот 2021- 2024 се преставени во Прилог бр 5 на овој документ

Изворите на финансирање, односно буџетските програми, потпрограми и ставки од кои се финансираат стратешките програми, активности, односно проекти е во Прилог бр 6 на овој документ.

## *VI.МОДЕЛИ НА ИНТЕРАКЦИЈА ПОМЕЃУ АКТЕРИТЕ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА*

Успешното спроведување на политиката за регионален развој директно зависи од поширокото разбирање на концептот, ефективното поврзување на политиката за регионален развој со секторските политики и обезбедувањето потребна поддршка за релевантните институции во потребните насоки, документација, обука, законодавство и ресурси. Во таа смисла, регионалниот развој претпоставува континуирана финансиска поддршка од државата и во исто време, висок степен на координација помеѓу министерствата, донаторите и засегнатите страни на регионално и локално ниво.

Хоризонталната и вертикална координација во спроведувањето на политиката за рамномерен регионален развој, главно се одвива преку Советот за рамномерен регионален развој. Советот ја усогласува политиката за поттикнување рамномерен регионален развој со секторските политики и макроекономската политика на Република Северна Македонија.

Советот е составен од министрите кои раководат со Министерствата за локална самоуправа, финансии, економија, транспорт и врски, образование и наука, труд и социјална политика, култура, животна средина и просторно планирање и земјоделство, шумарство и водостопанство, потоа заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, претседателите на советите за развој на планските региони и претседателот на ЗЕЛС, а со советот раководи заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и инвестиции. Исто така во работата на Советот за рамномерен регионален развој можат да учествуваат и научни и стручни лица од областа на регионалниот развој.

За поддршка на работата на Советот за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија е формирана Техничка работната група. Техничката работната група е формирана од страна на Владата на Република Северна Македонија со цел предходна стручна, техничка и оперативна обработка на прашањата за кои одлучува Советот за рамномерен регионален развој, како и за континуирано следење и преземање активности за реализација на заклучоците на Советот за рамномерен регионален развој, оценување и известување за политиките за поттикнување рамномерниот регионален развој.

Техничката работна група е составена од претставници на повеќе институции, вклучувајќи: министерства, други органи на државната управа, управни организицаии и правни субјекти кои на конкретен начин се вклучени во политиките за рамномерен регионален развој. Нивото на репрезентативност на секоја институција се дефинира на ранг на административен раководен работник

Согласно Законот за рамномерен регионален развој, Министерството за локална самоуправа воведува новитет во процесот на координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката на рамномерен регионален развој , а тоа е интеграцијата на СиРеРа системот (www.sirera.mk).

Изработката и ставањето во функција на овој систем беше подржано од страна на

Проектот „Одржлив и инклузивно балансиран регионален развој во Северна Македонија“ кој што е заеднички проект на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за локална самоуправа поддржано од страна на Швајцарската агенција за развој и соработка. Во следната фаза на имплементација, опсегот на ИТ

системот ќе се прошири и ќе се инсталира целосна функционалност на системот со поддршка на работниот тек за цели програмски циклуси. Ова ќе им овозможи електронско управување со сите буџетски програми релевантни за регионалниот развој, да ја зголемат ефективноста при програмирањето и да се овозможи целосна апсорпција на расположливите средства.

Системот за координација во планирањето, спроведувањето, мониторинг и евалуација на политиката за рамномерен регионален развој (СиРеРа) содржи 4 (четири) компоненти:

- Систематизирани податоци за сите планско-развојни документи релевантни за регионалниот развој на национално, регионално и локално ниво – задолжително ажурирање минимум четири пати на годишно ниво.
- База на податоци со вработени професионалци во органите на државната и локалната администрација - задолжително ажурирање минимум два пати на годишно ниво.
- База на податоци за надворешни професионалци (експерти и стручни соработници) кои можат да бидат вклучени во поддршка на активностите за рамномерен регионален развој - задолжително ажурирање минимум два пати на годишно ниво.
- Финансиска матрица за обезбедување на рамномерност во распределбата на средствата - задолжително ажурирање минимум четири пати на годишно ниво.
- Поврзување на развојните програми во линиските министерства/агенции со извори на финансирање и преглед на:
    - програми со развоен карактер
    - висината на планирани, резервирани, одобрени и исплатени средства во рамки на тие програми од централниот буџет, буџетите на општините, донации, кредити итн.

како и 4 (четири) пот- компоненти:

- Систем за целосно управување со документи за рамномерен регионален развој
- Систем за континуирано градење на капацитети на институции
- Статистичко следење на состојбата во планските региони и континуиран преглед на степенот на развиеност на планските региони
- Статистичко следење на состојбата со тековни проекти и подготвени проекти (projects in pipeline) од страна на општините, регионите, министерствата и другите државни органи, коишто

можат да бидат понудени за финансирање и реализација од страна на донатори/кредитори.

## *VII НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА*

### 1.ИНФОРМИРАЊЕ

Информирањето на јавноста има за цел : запознавање на пошироката јавност со целите на политиката за рамномерен регионален развој; споделување на информации помеѓу носителите на одлуки заради координирана имплементација на политиката за рамномерен регионален развој; обезбедување на навремени информации во функција на подготовка на квалитетни проекти.

Информирањето на јавноста важно е да биде таргетирано според карактеристиките на одредени целни групи, се со цел пораките да бидат правилно и доследно разбрани. Во поширока јавност спаѓаат: медиуми, граѓански асоцијации, бизнис асоцијации, академски институции, донатори. Во носители на одлуки или учесници во процесите за носење на одлуките спаѓаат: Совет за рамномерен регионален развој (министри и градоначалници), сите градоначалници, претседателите на Советите на единиците на локалната самоуправа, Центрите за развој на планските региони, административни службеници на централно и локално ниво.

За информирање и комуникација на целните групи, основни канали за комуникација се електронскиот систем-СИРЕРА, електронските и печатените медиуми, интернет, печатени информативни материјали, организирани форуми, промотивни настани и сл. Овој начин на информирање и комуникација најголем ефект ќе произведе преку реализација на серија на различни активности организирани од страна на носителите на политиката на рамномерен регионален развој, коишто ќе бидат насочени кон една или повеќе целни групи:

- Презентација на нормативните акти и на другите документи на веб-страницата на МЛС (одговорност: Министерство за локална самоуправа)
- Истакнување на јавните повици за аплицирање на проекти на видливо место на веб-страниците на Министерство за локална самоуправа и на Бирото за регионален развој (одговорност:Министерство за локална самоуправа, Бирото за регионален развој)
- Организирање на информативни денови во осумте плански региони пред објавување на секој јавен повик (одговорност: Министерство за локална самоуправа, Бирото)

- Организирање на прес конференции на кои што ќе бидат презентирани придобивките (одговорност: Министерство за локална самоуправа, Бирото за регионален развој, Советите за развој на планските региони)
- Организирање на посебни саеми на регионите како традиционални манифестации на коишто ќе бидат поканети и гости од странство - локални и регионални власти, бизнис-асоцијации, потенцијални инвеститори, медиуми (одговорност: Советите на планските региони и Центрите за развој на планските региони, со поддршка на Министерство за локална самоуправа, Бирото за регионален развој и меѓународната донаторска заедница),
- Публикување на периодични билтени за спроведените и планираните активности во планскиотрегион (одговорност: Центрите за развој на планските региони)
- Потенцирање на заедничкиот приод на општините во планирањето на развојот, како и придобивките за регионот од имплементацијата на проектите (одговорност: Советите на планските региони)
- Обезбедување на препознатливост преку употреба на единствен визуелен идентитет на политиката на рамномерен регионален развој на Република Македонија, како и употреба на визуелен идентитет на секој плански регион одделно, преку отсликување на неговите специфичности (одговорност: МЛС, Советите на планските региони)

## 2.СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Следењето има за цел да обезбеди соодветна динамика на реализација на активностите кои што треба да доведат до подобро разбирање на политиката на рамномерен регионален развој, како и да се обезбеди напредок во однос на градењето свест за придобивките од политиката на рамномерен регионален развој.
Заради целосно следење и евалуација на реализацијата на активностите за информирање и комуникација, потребно е планските региони активностите да ги организираат во координација со Министерството за локална самоуправа.

Следењето ќе се врши преку анализа на печатените и електронските медиуми, преку интерактивноста на веб-страниците на Министерството за локална самоуправа, Бирото за регионален развој и на Центрите за развој на планските региони, преку многубројните активности (седници на Советите на планските региони, форуми со

бизнис-секторот, со граѓанскиот сектор, организирани информативни денови, прес-конференции и сл.), преку извештаите за реализација на Програмите за развој на планските региони, што ги подготвуваат Центрите за развој на планските региони, како и преку извештаите за прелиминарно, тековно и завршно оценување на проектите за регионален развој.

За напредокот и за извесни појавени слабости, Министерството за локална самоуправа ќе го известува Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, којшто ја има и улогата на координативен механизам во спроведувањето на политиката на рамномерен регионален развој.

## *VII.АНАЛИЗА НА РИЗИКОТ*

Заради подобрување на ефикасноста на спроведувањето на Програмата за спроведувањето на Стратегијата за регионален развој, 2021-2024 година, се анализираат и аспектите кои укажуваат на тоа со кои ризици може да биде соочена реализацијата на Програмата.

Влијанието на идентификуваните ризици варираат од ниско до средно ниво. Министерството за локална самоуправа во рамки на своите надлежности и можности ги презеде сите мерки за да се минимизираат влијанијата од евентуалните ризици. Сепак, останува фактот дека, Програмата како мулти- секторски документ, ќе се спроведува преку конкретни програми и активности кои се релевантни за спроведување на разни секторски политики и со тоа се во надлежност на повеќе институции. Со тоа и одговорноста за имплементацијата на Програмата како целина зависи од повеќе институции.

Како главни идентификувани ризици се: 1. Недоволна свесност кај институциите за ефектите од спроведувањето на регионалната политика 2. Нереална и неадекватна проекција на финансиските средства наменети за спроведување на програмите и активности кои се во функција на спроведување на приоритетите; 3. Доцнење со спроведувањето на секторските програми заради изборни периоди и рестрикции согласно Законот за спроведување на избори; 4. Одложување на спроведувањето на програмите и активности кои се во функција на спроведување на приоритетите заради кратење на буџетските средства.

| Ризик | Веројатност на појавување (ниско, средно или висок0) | Влијание (ниско, средно или високо) | Мерки за надминување на ризикот |
|---|---|---|---|
| Недоволна свесност кај институциите за ефектите од спроведувањето на регионалната политика | ниско | ниско | Во изминатиот период се превземени активности за сензибилизирање на јавноста за придобивките за спроведување на регионалната политика а исто така и подигање на свесноста кај институциите кои што имплементираат програми со влијание врз регионалниот развој. Исходот од тоа е и фактот што е забележан тренд во изминатите 4 - 5 години на проширено користење на Индексот за степенот на развиеност на планските региони од повеќе министерства, агенции и фондови. |
| Нереална проекција на финансиските средства наменети за споведување на програмите и активности кои се во функција на спроведување на приоритетите | средно | средно | Со оглед дека податоците односно програмите и активностите за спроведување на приоритетите во најголем дел се во надлежност на други институции, Министертсвото за локална самоуправа оствари контакт со секоја институција поединечно за да се потврди веродостојноста на податоците. Сепак останува тоа дека финансирањето на Програмите се утврдува на годишно ниво и со тоа проектираните финансиски интервенции презентирани во Програмата за рамномерен регионален развој 2021-2024, може да варираат, но сепак очекувањата се дека варирањето не би било во обем кој би ги загрозил значително спроведувањето на мерките. |
| Доцнење со спроведувањето на секторските програми | ниско | ниско | Изборните процеси се планирани и предвидливи и со тоа и институциите се очекува да водат сметка за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| заради изборни периоди и рестрикции согласно Законот за спроведување на избори. | | | спроведување на активностите во период на изборен процес при тоа почитувајќи ги правилата од Изборниот законик и препораките на Државната Комсија за спречување на корупција. |
| Одложување на спроведувањето на програмите и активности кои се во функција на спроведување на приоритетите заради кратење на буџетските средства . | Никсо | Ниско | Искуството од следење на спроведувањето на програмите покажува дека многу дел на програмите кои се во функција на спроведување на приоритетите заради недостаток на средства во текот на годината се одложуваат. Вообичаено, тие програми се со помали средства, така што нивното влијание врз целокупното спроведување на политиките не игра многу значајна улога . |

VIII ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-12738/1-21
15 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

***Прилог Бр 1- Расчленување на планираната стратешка цел 1, по приоритети и мерки и индикатори со утврдени целни вредности (таргети)***

<table>
<tr><td colspan="2">Стратешка цел 1: Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкуренти плански региони низ доследно спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции</td></tr>
<tr><td>1.1: Програмирање и спроведување на јавните инвестиции во функција на обезбедување порамномерен регионален развој</td><td>Индикатори со утврдени целни вредности (таргети)</td></tr>
<tr><td>1.1.1 Спроведување на Стратегијата за регионален развој 2021-2031 (интегрално)</td><td rowspan="6">1.1.1 Број на програмите кои го вклучуваат индексот на развој на планските региони<br>1.1.2 Процент на средства кои се реализираат со примена на Индексот за степенот на развиеност на планските региони преку МЛС и БРР и други министерства, агенции и фондови<br>1.1.3 Процент на учество на јавните инвестиции по одделни региони</td></tr>
<tr><td>1.1.2 Доследна примена на Законот за рамномерен регионален развој(*) во поглед на издвојување на средствата за регионален развој најмалку во висина од 1% од БДП</td></tr>
<tr><td>1.1.3 Усогласување на јавните инвестиции од Буџетот на Влада и Буџетите на ЕЛС со приоритетите на Стратегијата за регионален развој</td></tr>
<tr><td>1.1.4 Соодветно рефлектирање на стратегиските цели, приоритетите и мерките од Стратегијата за регионален развој во основните стратешки економски документи на Владата на Република Северна Македонија:</td></tr>
<tr><td>1.1.5 Постепен премин кон минимум три годишно, а со тоа и попредвидливо буџетирање на капиталните инвестиции;</td></tr>
<tr><td>1.1.6 Воведување силен и одржлив инструмент за фискално воедначување во системот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во облик на грант за еквилизација и грант за перформанси на единиците на локалната самоуправа.</td></tr>
<tr><td colspan="2">1.2: Обезбедување пошироки стимулации и насочување на приватните инвестиции кон планските региони кои заостануваат во развојот</td></tr>
<tr><td>1.2.1 Воведување на одделни мерки (даночни ослободувања и слични стимулации) за насочување на приватните инвестиции кон понеразвиените плански региони</td><td rowspan="2">1.2.1 Структура на бруто домашен производ по глава жител (%) по плански регион<br>1.2.2 Структура на бруто додадена вредност (%) по плански регион<br>1.2.3 Структура на инвестиции во основни средства (%) по плански регион</td></tr>
<tr><td>1.2.2 Подобрување на условите за отпочнување бизнис</td></tr>
<tr><td colspan="2">1.3: Изградба на транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони</td></tr>
<tr><td>1.3.1 Развој и унапредување на транспортната инфраструктура (група мерки)</td><td rowspan="2">1.3.1 Густина на регионалната патна инфраструктура (км’/1000</td></tr>
<tr><td>1.3.1 Развој и унапредување на транспортната инфраструктура (група мерки)</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 1.3.2 Развој и унапредување на информатичко-комуникациски технологии и бродбенд инфраструктура: | km2)<br>1.3.2 Локална патна инфраструктура (км')<br>1.3.3 Дополнителен инсталиран капацитет од ОИЕ (MW) по плански региони<br>1.3.4 Потрошувачка на финална енергија по додадена вредност во индустријата по региони, (kWh/EUR)<br>1.3.5 Потрошувачка на енергија во домаќинствата по жител (kWh/жител) во планските региони |
| 1.3.2 Развој и унапредување на информатичко-комуникациски технологии и бродбенд инфраструктура: | |
| 1.3.3 Развој и унапредување на енергетската инфраструктура | |
| 1.3.4 Спроведување родово-сензитивни анализи на локално и регионално ниво при планирањето и дизајнирањето на инфраструктурните проекти а со цел да се утврдат различните потреби на жените и мажите во одделните општини и региони. | |
| 1.3.5 Насочување на државната помош приоритетно кон активните деловни субјекти во помалку развиените региони | |
| **1.4: Регионален пристап при конципирање на политиките за поддршка на претприемништвото и индустријата** | |
| 1.4.1 Насочување на државната помош приоритетно кон активните деловни субјекти во помалку развиените региони | 1.4.1 Број на активни деловни субјекти по региони<br>1.4.2 Процент од вкупно одобрените проекти на ФИТР по плански региони<br>1.4.3 Облици на меѓуопштинска соработка на ниво на плански регион за поддршка на претприемништво и |
| 1.4.10 Окрупнување на постоечката организациска раМинистерство за култураа за поддршка на претприемништвото и МСП на ниво на плански региони преку постепена консолидација на овие организации во една мрежа на ниво на плански регион или барем делумно да се амалгамираат (спојат) во раМинистерство за култураи на Бизнис центрите како организациска единица на Центрите за развој на планските региони | |
| 1.4.11 Вградување на регионална компонента во Стратегијата за развој на индустријата во Северна Македонија | |
| 1.4.12 Овозможување даночни ослободувања и други стимулации за лоцирање и развој на одделни индустрии во помалку развиените плански региони земајќи ги предвид нивните споредбени предности. | |
| 1.4.2 Зголемување на бројот на проекти финансирани од страна на МСЛ и Биро за регионален развој преку ЦРПР кои директно целат кон зајакнување на претприемништвото и развојот на секторот на МСП | |
| 1.4.3 Воспоставување облици на меѓуопштинска соработка за поддршка на претприемништвото и МСП на ниво на плански регион за да се обединат ограничените финансиски средства од буџетот на општините во заеднички и целисходни програми за развој на претприемништвото и МСП. Овие програми на ЕЛС треба да бидат целосно синхронизирани и комплементарни на мерките и активностите на државните органи на управата и агенциите и фондовите кои оперираат под нивен институционален чадор | |
| 1.4.4 Инвестирање на Фондот за иновации и технолошки развој во развој на капацитети на МСП за подготовка на квалитетни проектни апликации во регионите со најмал број одобрени проекти за финансирање | |

| | |
|---|---|
| 1.4.5 Генерирање евиденција со родово-разделени податоци за бројот на апликанти кај институциите кои доделуваат директна помош за приватниот сектор (деловни субјекти кои се во сопственост на или се управувани од жени како и колку од оние на кои им се доделени проекти се во сопственост на или управувани од жени во однос на мажи и др.) | МСП |
| 1.4.5 Генерирање евиденција со родово-разделени податоци за бројот на апликанти кај институциите кои доделуваат директна помош за приватниот сектор (деловни субјекти кои се во сопственост на или се управувани од жени како и колку од оние на кои им се доделени проекти се во сопственост на или управувани од жени во однос на мажи и др.) | |
| 1.4.6 Синхронизација на програмите на Фонд за иновации и техн развој со програмите за поддршка на науката (истражување и развој) на Министерство за образование и науки а со цел да се постигне синергија и остварување на комплементарни ефекти. | |
| 1.4.7 Профилирање на планските региони низ т.н. ПАМЕТНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА. За таа цел е неопходно да се подготви продлабочена и интегрирана Студија на конкурентските предности на секој регион/општина засебно и на тој начин да се придонесе за фокусирање на јавните и приватните инвестиции | |
| 1.4.8 Носење одлуките за инвестирање на јавните средства односно државната помош за претприемништвото и МСП врз основа на инклузивниот модел на четирикратен хеликс според кој во носење на најважните стратегиски одлуки за поттикнување на иновациите треба да дискутираат сите засегнати страни | |
| 1.4.9 Креирање на општински и регионални бази на податоци за следење на иновативните претприемнички активности на жените овозможувајќи спроведување на родово-базирани анализи во секторот МСП и иновациите | |
| **1.5: Подобрување на структурата на работната сила во планските региони и инвестирање во човечки капитал** | |
| 1.5.1 Имплементирање на програми за обука и тренинг на работната сила | 1.5.1 Просечно исплатена нето-плата по вработен (во денари)<br>1.5.2 БДП по вработен (во милиони денари)<br>1.5.3 Стапка на активност (%)<br>1.5.4 Стапка на активност жени (%)<br>1.5.5 Стапка на активност млади (%) |
| 1.5.10 Окрупнување на општинските економско-социјални совети на ниво на плански региони а со цел да се трансформираат во посуштински чинители на регионалниот развој проследено и со формирање на трипартитни совети за труд и промоција на вработувањето на ниво на плански региони со цел да се зајакне социјалниот дијалог, користејќи притоа соодветни облици на меѓуопштинска соработка; | |
| 1.5.11 Формализирање на неформалното вработување кое е особено карактеристично за ранливите категории население како што се: жените, младите, лицата со низок степен на образование и Ромите, со насочување кон Североисточниот, Полошкиот и Југозападниот плански регион, каде положбата на ранливите категории е најизразена | |
| 1.5.12 Јакнење на институционалните капацитетите на планските региони со цел олеснување на пристапот до пазарот на трудот на ранливите категории на граѓани, особено жените од руралните | |

| | |
|---|---|
| средини, самохраните мајки и жените без образование или со низок степен на образование. | 1.5.6 Стапка на активност (%) - лица со незавршено основно образование<br>1.5.7 Стапка на вработеност (%)<br>1.5.8 Стапка на вработеност жени (%)<br>1.5.9 Стапка на вработеност млади (%)<br>1.5.10 Стапка на вработеност (%) - лица со незавршено основно образование<br>1.5.11 Стапка на невработеност (%)<br>1.5.12 Стапка на невработеност жени (%)<br>1.5.13 Стапка на невработеност млади (%)<br>1.5.14 Стапка на невработеност (%) - лица со незавршено основно образование<br>1.5.15 Стапка на слободни работни места (%) |
| 1.5.2 Имплементирање на програми кои ќе го стимулираат вработувањето во приватниот сектор, како што е субвенционирање на платите кај новопримените работници, доделување на грантови за самовработување, даночни ослободувања за новопримените работници и слично | |
| 1.5.3 Имплементирање на програми за директно вработување во јавниот сектор. Организирање на јавни работи, како што се чистење и одржување на паркови, улици, пошумување и слично се добра можност најранливите лица да се вработат; | |
| 1.5.4 Имплементирање на програми кои ќе ги едуцираат невработените да бараат работа. Тоа се програми кои опфаќаат разни курсеви за пополнување на апликации, курсеви за интервјуа, и сл | |
| 1.5.5 Имплементирање на програми за стимулирање на вработувањето на младите и жените. Овие програми треба да вклучуваат најразновидни тренинзи на невработените млади лица и жените, субвенционирање на платите доколку тие би се вработиле, покривање на трошоците за обука откако ќе се вработат и т.н.; | |
| 1.5.6 Имплементирање на програми кои се однесуваат на категоријата на лица со посебни потреби; | |
| 1.5.7 Имплементирање на програми за практикантство со цел да се зголеми вработливоста на младите невработени, жените и други ранливи категории од населението и да се превенира недостатокот на вештини кога ќе влезат на пазарот на труд | |
| 1.5.8 Донесување Закон за младинска гаранција со што ќе се институционализира оваа форма на поддршка на младите до вработување | |
| 1.5.9 Донесување на Закон за поддршка на социјално претприемништво, со фокус на младите и жените, и центри за поддршка на социјални претпријатија на ниво на плански региони; | |
| **1.6: Развој на земјоделството и рурален развој заснован на споредбените предности на планските региони** | |
| 1.6.1 Зголемување на обработливата површина во Полошкиот, Вардарскиот и Југозападниот плански регион преку уредување на имотно-правните односи, создавање услови за производство на необработените површини, како и пренамена на дел од пасиштата, на начин кој е комплементарен со мерките за Економско јакнење и окрупнување на | 1.6.1 Учество на обработлива та во |

| | |
|---|---|
| земјоделските стопанства и Окрупнување на земјиштето и поддршка на земјоделските задруги од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој | земјоделската површина = Обработлива земјоделска површина/ Вкупна земјоделска површина<br>1.6.2 Застапеност I и II класа од вкупниот број стопанства = Број на стопанства економска големина I и II класа/Вкупен број на стопанства<br>1.6.3 Просечна големина на катастарска парцела = Површина на катастарски парцели (ха)/Број на катастарски парцели<br>1.6.4 Степен инвестирање од бруто додадена вредност = Просечни годишни инвестиции земјоделств |
| 1.6.10 Формирање на агро-индустриски зони како центри за поттикнување и олеснување на економските активности во земјоделството. Истите треба да бидат воспоставени по примерот со индустриските зони (посебни зони но и користење на расположливите ресурси кои не се користат во регионот – т.н. „brownfield“ инвестиции или во склоп на веќе постојните индустриски зони) со одредени предуслови и бенефиции за инвеститорите. | |
| 1.6.11 Воспоставување оперативен систем за превенција и менаџирање на шумски пожари во Пелагонискиот, Источниот и Југоисточниот плански регион | |
| 1.6.12 Зајакнување на положбата на жените во руралните подрачја преку промовирање на правото на сопственост на имот и правото да располагаат со ресурси (финансиски и нефинансиски) | |
| 1.6.13 Поттикнување и приоритизација на учеството на жените како носители на земјоделски стопанства низ поврзување со мерките за Економско јакнење и окрупнување на земјоделските стопанства, консолидација на земјоделското земјиште, но и мерките за правна формализација на индивидуалните земјоделски стопанства и формално вработување на жените | |
| 1.6.14 Градење на капацитетите на жените како претприемачи, но и нивните квалификации и стручност за поголемо учество во формалната/платена работна сила | |
| 1.6.15 Воспоставување соодветна база на регионално ниво на родово-разделени податоци за да може преку темелна анализа да се планира и да се развиваат идни стратегии, политики и мерки за поддршка на жените во земјоделството и руралните средин | |
| 1.6.16 Зголемена поддршка за заштита и промоција на традиционалните одлики и производи во планските региони (Тетовски грав/јаболка, Мариовско/ Беровско сирење, Паланечки компир, Шар Планинско јагне/ кашкавал, Ресенско јаболко и слично). Покрај земјоделските производи, значајно е заштита и промоција на регионалните препознатливи одлики и споредбени предности од аспект на развој на руралниот туризам и спортскиот (лов и риболов) туризам, но и заштита и промоција на културните и другите знаменитости и традиционални обележја на регионите | |
| 1.6.17 Формирање на посебна Канцеларија за планински туризам и планински содржини, задолжена за дефинирање и управување со очекуваните домашни, јавни и приватни, и странски инвестиции, апликација на систем на промени во овој сегмент и позиционирање на државата на регионалниот и европски пазар за интегрален планински туризам. | |
| 1.6.18 Поддршка и спроведување на мерките за адаптација кон и митигација на климатските промени за Југоисточниот и Вардарскиот плански регион (препораки од Третата и Четвртата национална комуникација за климатски промени) како и поддршка за подетални регионални анализи и формулирање на регионални стратегии и планови поврзани со климатските промени. | |

| | |
|---|---|
| 1.6.2 Законско дорегулирање на праксата на наследување на земјиштето и негова прераспределба помеѓу повеќе наследници, како и ревидирање на земјишната и даночната политика во насока на мотивирање на користењето на земјоделското земјиште и демотивирање на поседувањето на истото без да се обработува | о/Просечна годишна бруто додадена вредност земјоделство<br>1.6.5 Учество на земјоделски стопанства кои можат да вршат наводнување = Број на земјоделски стопанства што можат да вршат наводнување/Вкупен број на земјоделски стопанства<br>1.6.6 Процентуално учество на жени носители на индивидуални стопанства = Број на индивидуални стопанства носител жена/Вкупен број на носители на индивидуални стопанства<br>1.6.7 Процентуално учество |
| 1.6.3 Јакнење и окрупнување на земјоделските стопанства во Вардарскиот, Полошкиот, Југозападниот и Североисточниот плански регион преку олеснување и одредени бенефиции за малите стопанства за зголемување на обемот на работа и економските резултати и преминување во правна форма на субјекти - стопанства, паралелно со приоритизација во мерките Окрупнување на земјиштето и поддршка на земјоделските задруги каде овие региони исто така имаат лоша структура, но и поттикнување на инвестициите, приоритизација на ИПАРД и националната поддршка и подобрување на експертската поддршка и покриеност со подрачни единици на Министерство за земјоделство. шумарство и водостопанство. | |
| 1.6.4 Поддршка и создавање предуслови за формирање на земјоделски задруги во Вардарскиот, Полошкиот, Југозападниот и Североисточниот плански регион, преку олеснување и одредени бенефиции за формирање и поддршка во работата, но и нивна приоритизација во мерките за Окрупнување на земјиштето и Поттикнување на инвестициите и користење на расположливите ресурси кои не се користат во регионот („brownfield“ инвестиции), приоритизација на ИПАРД и националната поддршка. | |
